Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Бр.-Nr. 12-4217/1
30.03.2020 год.-viti
Скопје - Shkup

Согласно заклучоците, препораките и мерките, од 17-та седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 12 март 2020 година, точка 18 втор и трет став, и заклучоците, препораките и мерките од 26 седница одржана на 23 март 2020 година, во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, на која е донесена и Уредба со законска сила за примена на Законот за основното образование за реализација и организација на наставата во основните училишта, како и за начинот на оценувањето на учениците за времетраење на вонредната состојба („Службен весник на Република Северна Македонија" број 76/2020) и Уредба со законска сила за примена на Законот за средното образование за реализација и организација на наставата во средните училишта, како и за начинот на оценувањето на учениците за времетраење на вонредната состојба („Службен весник на Република Северна Македонија" број 76/2020), Бирото за развој на образованието во соработка со Центарот за стручно образование и обука изготви

# УПАТСТВО ЗА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА НАЧИНОТ НА ОЦЕНУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ПЕРИОДОТ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВА ПРЕКУ ДАЛЕЧИНСКО УЧЕЊЕ, ОДНОСНО УЧЕЊЕ ОД ДОМА

Оценувањето на учениците е уредено со Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 161/19) и Законот за средно образование, („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18), како и со подзаконски акти.

Согласно член 138 од Законот за основно образование „Постигањата на учениците во основното училиште се проверуваат формативно и сумативно и се запишуваат со описни и/или бројчани оценки“. Понатаму во истиот член се утврдува начинот на запишување на постигањето на ученикот за секој период (од I до III одделение, од IV до VI одделение и од VII до XI одделение). Додека за средното образование согласно член 45 од Законот за средно образование „(1) Следењето и проверувањето на напредокот и постигањето на успехот на учениците се врши со интерно проверување. (2) Интерното проверување на постигањето на успехот на учениците го вршат наставниците во училиштето“.
Согласно горенведените уредби донесени на 26-та седница на Владата на Република Северна Македонија посочените членови од Законите треба да се почитуваат и во изменети услови на реализација на наставата ( преку далечинско учење односно учење од дома).

## Планирање на наставата во услови на реализација на настава преку далечинско учење, односно учење од дома

Планирањето, организацијата и реализацијата на наставата од страна на наставниците, кога наставата се спроведува преку далечинско учење, односно учење од дома треба да се прилагоди и да се спроведе на начин што ќе овозможи постигнување на очекуваните резултати од страна на учениците согласно наставните програми.

Планирањето на наставата, исто како и при реализација на наставата во основно училиште, односно средно училиште, се заснова на наставните планови и наставните програми за основно и средно образование изготвени од Бирото за развој на образованието како и наставните планови и програми за сите видови и нивоа на стручно образование за стручно-теоретските предмети и практичната

настава изготвени од Центарот за стручно образование и обука. Реализацијата на наставата преку далечинско учење, односно учење од дома, подразбира модификација на планирањето (особено среднорочното/тематското/процесно-развојното и дневното планирање, односно планирање на модуларната единица и планирањето на наставен час) во делот на начинот на реализација на наставата со користење на пристап, методи и техники соодветни за овој вид на настава, а во согласност со можностите што ги нуди електронската платформа што се користи (според создадените можности од училиштето, локалната власт и/или Министерството за образование и наука), како и во начинот на следење, проверување и оценување на постигањата на учениците.

Наставниците од основните и средните училишта треба да ја прилагодат секојдневната пракса, да вложат дополнителна работа, да соработуваат со колеги, родители/старатели и секако да преземат одговорност за сопствената работа. Од аспект на планирањето на наставата на далечина, којашто се реализира онлајн или со помош на ИТ без присутво на ученици во ист простор, наставниците прават одредени прилагодувања во делот на активностите, формите, методите на работа и ресурсите што треба да бидат усогласени за настава преку далечинско учење, односно учење од дома, како и на комуникацијата со учениците, односно прилагодување на начинот на реализација на часот (снимање анимации и видеа, креирање презентација, поставување текст, он-лајн комуникација со учениците), насочување на учениците кон примери на ТВ училница, кон снимени предавања (www.eduino.gov.mk), насочување на учениците кон одредени едукативни софтвери, литература и други соодветни средства за постигнување на конкретната цел, користење на дигитални алатки за интеракција и изготвување на визуелни, анимирани активности и задачи, квизови, развивање на проектни задачи решавање на проблемски ситуации и друго, при што, треба да се нагласи, дека сите активности

се планираат согласно дефинираните цели и очекувани резултати во наставните програми.

Следењето на постигањата на учениците, проверувањето на постигањата и оценувањето на учениците како дел од планирањето на наставата од страна на наставниците, исто така, треба да биде испланирано и прилагодено на услови на реализација на настава на далечина.

## Оценување (формативно и сумативно) на учениците во услови на настава преку далечинско учење односно учење од дома

Оценувањето како значајна компонента на наставата (заедно со поучувањето на наставниците и учењето на учениците) при реализација на наставата со користење на современи пристапи што ги нуди развојот на информатичката технологија (платформи, електронски мрежи, електронски медиуми), исто така, подразбира користење на формативно следење на напредокот на учениците и сумативно оценување на постигањата на учениците.

Формативното оценување се применува постојано во процесот на учењето кога учениците треба да демонстрираат одреден степен на достигнување на очекуваните резултати. Наставниците ги бележат резултатите од формативното оценување. Се обезбедуваат поединечни информации за учениците во врска со тоа дали се постигнати поставените очекувани резултати и со коишто се дијагностицираат основните тешкотии во процесот на учењето. Наставниците согледуваат како и во кој обем учениците го постигнале планираното, добиваат информации за тешкотиите кои ги имаат учениците во усвојувањето на содржините, и врз основа на тие согледувања им дадаваат дополнителни насоки и совети преку дополнителни активности што им се потребни на учениците за постигнување на очекуваните резултати. Формалното формативно оценување го

олеснува процесот на учење и се користи за прилагодување на наставата, учењето и наредното оценување.

Формативното оценување, како што е познато, бара поголема интеракција меѓу учениците и наставниците, додека во услови на реализација на настава преку далечинско учење, односно учење од дома, интеракцијата се постигнува преку електронските мрежи и платформи. Ова значи дека за следење, проверување и вреднување на напредокот на учениците значајно е да постои редовна комуникација меѓу наставниците и учениците, бидејќи тоа им овозможува на наставниците да соберат што е можно повеќе информации за тоа како учениците учат и колку го совладале материјалот/наставните едници за конкретниот наставен предмет. За да профункционира формативното оценување потребно е наставниците да ги користат горенаведените пристапи, форми и методи на работа што ќе овозможат учениците да истражуваат, поставуваат цели, меѓусебно да соработуваат со соученици, да комуницираат, да размислуваат во реални, животни ситуации. Видовите на следење и вреднување на резултатите од учењето со користење на наведените методи на работа најчесто се: оценување од страна на наставникот, самооценување, оценување од врсници, е-портфолио.

Постојат бројни техники и методи погодни за формативно оценување на напредокот на учениците со користење на електронски платформи и мрежи. Ова вклучува задачи како што се:

- Есејски прашања (употреба на е-пошта),
- Изработка на проекти (преку работа во група),
- Скајп или Вибер дискусии (или дискусии преку други мрежи и платформи),
- Мултимедијални презентации,
- Изготвување постери (преку работа во група),

- Проекти/Истражувачки задачи (преку работа во група),
- Тестови на знаења (може да се проследат преку социјалните мрежи, е-пошта или преку платформа)
- Контролни вежби на учениците (може да се проследат преку електронска платформа, социјалните мрежи, е-пошта и др.)
- Ученичко е-портфолио.

За користење на методот на тестирање наставниците можат да користат прашалник и квиз алатка за да создадат тестови за тестирање со задачи и прашања со повеќечлен избор, отворени прашања, прашања со надополнување и кратки одговори и преку користење на различни алатки за споделување на материјали, како што се: Google Forms, OneNote, LinoIt, Padlet, Zoom, Kahoot, Mentimeter, Socrative, Microsoft Teams, SurveyMonkey, Quizlet, Edmondo, ClassDojo, Мој глас и други, односно преку алатки коишто им се достапни и им се познати и можат да ги користат и тие и учениците. Задачите и прашањата за тестирање да се изработуваат согласно наставните програми. Исто така, тестовите не треба да се обемни, односно се препорачува да содржат најмногу десетина суштински задачи или прашања.

Еден од начините на формативното оценување во услови на учење на далечина е водење електронското портфолио (е-портфолио) за секој ученик. Електронското портфолио претставува збирка на трудовите, изработките што ги прикажуваат постигнатите резултати на конкретниот ученик преку различни активности во наставниот процес во овој период на наставната година (на пример: чек листа, интервју, писмени работи, фотографии на контролни задачи, тестови, изработки, цртежи постери, албуми, заклучоци од реализирани истражувачки активности, снимки на докази за говорно и музичко творештво, запишани предлози за решавање на конкретна проблематика, пишани повратни информации од учениците и сл, што се карактеристични за неговото напредување и постигања, како и доказите за самооценување на самиот ученик).

Постојат различни алатки што се достапни на интернет (на пример: https://www.mentimeter.com/ - креирање квиз и прибирање резултати во папки, https://socrative.com/ и други), а кои овозможуваат лесно следење на постигањата на учениците (квизови, креирање тестови со прашања со повеќечлен избор, давање на мислење од страна на учениците итн.) што можат да им помогнат на наставниците во креирање и пополнување на е–портфолио за секој ученик.

За учениците во одделенска настава на основното училиште, наставникот, во соработка со родителите на учениците, во е-портфолиото на секој ученик од својата паралелка ќе поставува различни докази за постигањата на конкретниот ученик, како на пример: (фотографии/снимки на цртежи, заокружени големи печатни букви во детско списание што го има дома, фотографии/снимки на цртеж на главниот лик од приказната што ученикот ја слушнал, цртеж кој претставува крај на започната приказна, измислен од ученикот, видео или аудио снимка на приказна, гатанка што ја осмислил ученикот, видео снимка на драматизација, играње на конкретна улога од ученикот, аудио/видео снимка на рецитирање на научена стихотворба, фотографија на подредени слики според тоа како се одвивало дејствието во слушнатата приказна, групирање на предмети согласно дадената задача и придружување или пишување соодветна цифра, покажување на 2Д и 3Д форми што ги има дома кај ученикот, изработен пиктограм, цртеж на делови од растение, фотографии на изработени цвеќиња во оригами техника, на изработени сообраќајни средства од тесто или кутии и сл.).

При фотографирањето, снимањето звук и видео каде се прикажуваат учениците, наставниците треба особено да внимаваат да бидат заштитетни добиените податоци и тие податоци да ги користат исклучиво за следење на постигањата на учениците, со оглед на законските одредби во Законот за заштита на личните податоци.

Родителите/старателите на учениците можат да испратат до наставникот свои коментари за тоа дали самостојно работел ученикот/ученичката, каков бил интересот за извршување на добиените задачи, дали нешто не било јасно итн. Наставникот до родителите/старателите на учениците ги испраќа повратните информации за неговите согледувања во врска со анализираните докази за постигањата на учениците.

Со учениците од предметна настава, а особено со учениците од средните училишта, наставникот остварува директна безбедна комуникација преку електронските платформи и мрежи и ја следи нивната работа. Во следењето и проверувањето на постигањата, а особено за формирање на оценката, ги зема предвид сите активности, односно учеството во дискусиите, одговорите на поставените задачи/прашања/домашни задачи дадени по електронски пат, учеството и изработката на проекти (индивидуални или тимски сработени), одговорите од контролните вежби и тестови што се одвиваат по електронски пат итн.

За учениците од стручното образование, при оценување на вежбите и практичната настава, наставникот дава тема за изработка на проектна задача. Наставникот, при тоа учениците ги насочува на видео материјали со прикажани технолошки процеси и/или услуги, согласно наставната програма, кои ќе бидат анализирани преку изработката на проектната задача. За формирање на оценките по практичната настава и вежби, како главна алатка ќе се користи досие за стекнатите знаења и вештини за ученикот. Досието за постигањата на знаењата и вештините на ученикот ќе се води како е-портфолио со континуирана комуникација меѓу ученикот и наставникот за следење на постигањата на ученикот и за добивање на јасна слика од страна на ученикот за резултатите кои ги остварил.

Сите информации и добиени материјали од учениците ги користи само наставникот и тоа исклучиво за следење на воспитно - образовниот процес и за оценување на постигањата на учениците.

Доколку ситуацијата не дозволува учениците да се вратат во училниците до крајот на тековната наставна година, завршните сумативни оценки ќе бидат засновани на резултатите што ги постигнале учениците во текот на целата година, преку редовната настава, како и преку активното учество на он-лајн платформите и мрежите, електронското портфолио или друго средство за бележење на трудовите на учениците, белешки водени од наставници коишто можат да се добијат преку разни видови размена на трудови (домашна работа, вежби и проверки, есеи, проекти, презентации, цртежи, слики идр.) што учениците, како што е наведено погоре, можат да им ги обезбедат на наставниците преку е-пошта или во рамките на избраната мрежна платформа.

Сите формативни оценки и согледувања на наставникот во текот на реализацијата на онлајн наставата ќе се користат за формирање на сумативна оценка за третото тримесечје на секој ученик во паралелката. Оценките за третото тримесечје (описни оцени за учениците од I до VI одделение и бројчани оценки за учениците од VII до IX одделение) наставникот ги внесува во соодветниот Евидентен лист (објавени на веб страницата на Бирото за развој на образованието).

Оценките од прво тримесечје, прво полугодие и трето тримесечје наставникот ги користи за да ја формира оценката на крајот на наставната година (описна оцена за учениците од I до III одделение и бројчана оценка за учениците од IV до IX одделение.

Наставниците во средното образование, исто така, оценката на крајот на наставната година ќе ја формираат од оценките од прво тримесечје, прво полугодие и трето тримесечје.

Наставниците, за времетраење на вонредната состојба, оценките за далечинско учење односно учење од дома, согласно законските одредби, ги внесуваат и во е-дневникот.

Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука во наредниот период ќе продолжат со активности за надополнување на упатството согласно создадените услови.

МИНИСТЕР/MINISTËR,

Dr. Arbër Ademi